РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЛОЗОВО
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 0401-1339/1
04.08.2021 год.

**ОПШТИНА ЛОЗОВО**
**Адреса: Маршал Тито бб 2208 Лозово**
**Тел: +389 (0) 32 458 458**
**Фах: + 389 (0) 32 458 450**
**e-mail:opsinalozovo@opstinalozovo.gov.мк**
**www.opstinalozovo.gov.mk**

Врз основа на чл.50 точка 16 од Законот за Локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М бр.05/02) чл.37 од Статутот на Општина Лозово (Службен Гласник на општина Лозово бр.02/05,29/14 и 73/17) и Програмата бр. 0801-1757/1 од 18.11.2020 год. за активностите на општина Лоово во областа на социјалната заштита за 2021 година, Градоначалникот на Општина Лозово на ден 04.08.2021 год. објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

**за субвенционирање(ваучери) за колички за пазарување во Општина Лозово**

1 Општина Лозово доделува субвенции(ваучери) за колички за пазарување за 2021 год. за граѓаните (пензионери) на Општина Лозово.

2 Важи за сите лица (пензионери) кои ги исполнуваат условите за пензионер.

3 Рок за поднесување : се до исцрпување на средствата предвидени за повикот.

4 Важи правилото: Прв дојден прв услужен.

5 Секој заинтересиран граѓанин(пензионер) потребно е да потполни барање во Општина Лозово, изјава дека барателот е согласен личните податоци да се користат за потребите на општина Лозово во постапката за решавање на предметот, фотокопија од лична карта, потврда-доказ за пензионер.

6.**Услови што треба да ги исполни барателот :**

-да е жител на општина Лозово.

-едно лице може само еднаш да аплицира за добивање на субвенција за ваучер.

-барателот да е пензионер.

8 **Начин на спроведување на повикот:**

-за спроведување на јавниот повик, Градоначалникот формира комисија за спроведување на Јавниот повик за субвенционирање на граѓаните на општина Лозово за 2021 год.

-Субвенциите за ваучери ќе се врши сукцесивно, според редот на пристигнати барања се до исполнување на предвидениот број за оваа намена.

-Кога ќе бидат исцрпени предвидените финансиски средства, Градоначалникот на општина Лозово ќе го објави завршувањето на јавниот повик на веб страна на Општина Лозово.

**Дата**
**04.08.2021 год**

**Општина Лозово**
**Градоначалник**
**Ацо Велковски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА ЛОЗОВО